Врз основа на член 22, став 1, алинеа 16 од Законот за енергетика ("Службен весник на Р.М." Бр. 16/11) и член 19, став 2, алинеа 20 од Правилнокот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетска дејност ("Службен весник на Р.М." Бр. 31/09), Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија, на ден 07.11.2012 година, поднесе барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија со УП1 бр. 07-239/12 до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

**Назив на барателот**

Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија.

**Вид на енергетска дејност**

Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од мала хидроелектрана.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетска дејност, производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од мала хидроелектрана, Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија, ќе ја врши на локација (машинска зграда, доводен подземен цевковод и водозафат на река Љубанска) КО Љубанци, КП 322/2, 322/3, 333, 387, 99, 388, 1070, 401, 920, 957, 4981/1, 4981/2, 4981/3, 4985, 4998 и 4999, Општина Бутел, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста**

Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија, ќе произведува електрична енергија на една хидроелектрана, изградена на водотекот на река Љубанска и преку трансформаторска станица (400kVA, 10/0,4kV), а произведената електрична енергија ќе се испорачува на електро дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија А.Д. Скопје.

**Времетраење на лиценцата**

Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански, Бр. 113/12, Скопје, Република Македонија од РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бара времетраење на лиценцата да изнесува 35 (триесетипет) години.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија:**

Заинтересираните страни, правни и физички лица можат по писмен пат да достават до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија во рок од 10 (десет) дена од објавување на ова ИЗВЕСТУВАЊЕ за барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија во дневниот печат.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ул. Димитрие Чуповски, Бр. 2, 4-ти кат, 1000 Скопје, Република Македонија**

Во Скопје на 14.03.2013год